Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заштита од пушењето,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 мај 2005 година.

Бр. 07-1917/1
20 мај 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПУШЕЊЕТО

Член 1

Во Законот за заштита од пушењето (“Службен весник на Република Македонија” број 36/95,70/2003 и 29/2004), во членот 1 од Законот за изменување на Законот за заштита од пушењето (“Службен весник на Република Македонија” број 29/2004), зборовите: “до јуни 2005 година” се заменуваат со зборовите: “до 31 декември 2005 година”.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен весник на Република Македонија”.